ENGLISH

# AD 1 AERODROMES / HELIPORTS - INTRODUCTION

## AD 1.1 Aerodrome/heliport availability

**1.1.1** Aircraft engaged in international public air transport are not permitted to land at any aerodrome not designated for international traffic in the table in chapter AD 1.4 “Grouping of Aerodromes/Heliports” except in cases of emergency or where special permission has been granted.

**1.1.2** Aircraft engaged in domestic public air transport are not permitted to land at any aerodrome not included in AD 2 except in cases of emergency.
Aircraft engaged in domestic air taxi transportation may use other aerodromes or airfields under conditions notified for their use.

**1.1.3** If the condition of the manoeuvring area, or other conditions are not in accordance with regulations for safe operations, aerodrome air traffic control service may prohibit such operations except in the case of emergency.

**1.1.4** ICAO Standards and Recommended Practices contained in Annex 14 and other ICAO guidance material, are applied in North Macedonia.
Runways at both international airport are classfied as 4D.
The Civil Aviation Agency may in special cases decide that a runway shall be classified with another reference code than stated.

MACEDONIAN

# AD 1 АЕРОДРОМИ / ХЕЛИОДРОМИ - ВОВЕД

## AD 1.1 Расположливост на аеродромот/хелиодромот

**1.1.1** Воздухоплови вклучени во меѓународен јавен воздушен превоз не смеат да слетуваат на аеродроми кои, во табелата во поглавје AD 1.4 „Класификација на аеродромите/ хелиодромите“, не се класифицирани за меѓународен сообраќај освен во случај на вонредна состојба или доколку им е дадена специјална дозвола.

**1.1.2** Воздухоплови вклучени во домашен јавен воздушен превоз не смеат да слетуваат на аеродроми кои не се наведени во AD 2 освен во случај на вонредна состојба.
Воздухоплови вклучени во домашен воздушен такси превоз може да користат други аеродроми или леталишта под услови пропишани за нивно користење.

**1.1.3** Доколку состојбата на маневарските површини или некои други услови не се во согласност со регулативите за безбедни операции аердромската контрола на летање може да ги забрани операциите освен во случај на вонредна состојба.

**1.1.4** Во Република Северна Македонија се применуваат ICAO Стандарди и препорачани практики содржани во Анекс 14 како и во другите ICAO упатства.
Полетно/слетните патеки на обата меѓународни аеродроми се класифицирани 4D.
Агенцијата за цивилно воздухопловство може во специјални случаи да донесе одлука дека дадена полетно/слетна патека ќе биде класифицирана со друг референтен код отколку наведениот.

INTENTIONALLY LEFT BLANK